„Кој го клања нашиот намаз, се свртува кон нашата кибла и го јаде нашето месо – тој е муслиман, за кого важи заштитата на Аллах и Неговиот пратеник. Затоа, не ја прекршувајте заштитата на Аллах за него.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој го клања нашиот намаз, се свртува кон нашата кибла и го јаде нашето месо – тој е муслиман, за кого важи заштитата на Аллах и Неговиот пратеник. Затоа, не ја прекршувајте заштитата на Аллах за него.“

[رواه البخاري] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека оној кој се придржува кон видливите обреди на верата – го извршува намазот како муслиманите, се свртува кон Ќабата како кибла и го смета за дозволено јадењето од нашето месо – тој е муслиман, за кого важи аманетот и заветот на Аллах и Неговиот пратеник. Затоа, строго е забрането да се погази аманетот и заветот на Аллах во однос на него.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65426